Граѓанскиот ресурсен центар во Штип по втор пат беше домаќин **на интерактивна средба со учениците од локалните основни училишта**
. На работилницата „Волонтирањето – можност да придонесам во мојата средина“ учествуваа
**20 ученици од штипските училишта „Гоце Делчев“, „Ванчо Прке“ и „Славејко Арсов“**
, кои се воедно претставници на Ученичките парламенти од осмо и деветто одделение.



Учесниците ги научија **карактеристиките на волонтерството, размислуваа за тоа како преку волонтирањето можат да придонесат во својата средина и самите беа охрабрени да станат волонтери** . Оваа средба беше и одлична основа за понатамошна поблиска соработка и дружење меѓу трите училишта.

Преку работа во групи, тие имаа можност да разменат искуства со нивните врсници од останатите училишта, заеднички да дискутираат за идеи и да пробаат да ги остварат. Групите кои работеа на осмислување волонтерски акции ги презентираа нивните идеи кои опфатија **еколошка акција за чистење на центарот од градот; хуманитарна акција за прибирање и дистрибуирање на храна, вода и облека до социјално загрозени семејства; како и организирање хуманитарен концерт за прибирање средства и донирање на истите на средното училиште за деца со попречености „Искра“** .

Оваа работилница е на некој начин дополнување на предновогодишната средба „Граѓанскиот активизам и волонтерството во функција на заштитата на животната средина“ со што се опфатија ученици од сите централни основни училишта во Штип и Карбинци.